**ЗАПИСНИК**
**од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 15.02.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради користење денови од одмор.**

**Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска по овластување бр.03-4905/1 од 28.12.2022 година, го заменуваше директорот на АВМУ.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Петревска Камењарова, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:15 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2023 година.
2. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка: Ревизорски услуги.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради технички причини го одложи усвојувањето на предложениот Записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2023 година.

**Точка 2**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка: Ревизорски услуги. Објасни дека беше започната постапка за јавната набавка од мала вредност Ревизорски услуги по што беа доставени понуди а комисијата за јавни набавки закажа електронска аукција. На аукцијата активно учествуваше само еден оператор чија што понуда е за 88.700 денари поголема од износот кој беше предвиден во одлуката за јавна набавка. Предметната комисија за јавни набавки состави извештај во кој што предложи дека за спроведување на оваа јавна набавка треба да се дообезбедат 88.700 денари без ДДВ затоа што врз основа на увид и анализа на претходно спроведени постапки за јавни набавки констатирано е дека просечно понудените цени за оваа услуга во 2020, 2021 и 2022 година изнесувале 300.000,00 денари и повеќе. Поради тоа се предлага Советот да даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка – Ревизорски услуги. Напомена дека со ова одобрување ќе се измени и Одлуката за потреба од јавна набавка со зголемениот износ а средствата се обезбедени со ребалансот на Финансискиот план кој беше усвоен од Советот на претходната седница.

Г-дин Петрушевски рече дека има две причини. Очигледно е потценета претходната вредност затоа што службата направила истражување дека средствата треба да бидат повисоки. Второ е очигледно дека има инфлација, пораст на сите цени а тоа се рефлектира и кај оваа услуга. Биле три фирми, да била една да постои сомнеж, но вака биле три на кои не им било исплатливо да ја симнуваат цената надолу. Рече дека оваа цена што е добиена со аукцијата е минималната цена што можела Агенцијата да ја добие и даде поддршка за предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка – Ревизорски услуги за потребите на Агенцијата, а следствено на тоа и за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка, со текст како што беше предложена.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-747/3

23.02.**2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**